# Упатство за надоградба на програмот FXClient од верзија 2.0.0.5 на верзија 2.0.0.6

**FX Update** програмот ви овозможува да извршите превземање на најновата верзија на нашата Апликација FX Client 2.0.0.6 која претставува надоградба на претходната верзија 2.0.0.5 и содржи определени измени, се со цел да ви го подобриме и олесниме користењето на услугите на iBank системот (Поддршката за работа старата верзија 2.0.0.5 останува и понатаму).

Откако од страната за надоградба ќе ја "симнете" надоградбата, т.е. фајлот **Updatefx2006.zip**, истиот отпакувајте го на произволна локација, или на истото место каде што сте го снимиле. Активирајте го програмот **FXUpdate.exe**, по што ќе се појави прозорец како на слика 1.

---

***Напомена***! Пред да започнете со процедурата за надоградба, испратете ги сите налози кои сте планирале да ги испратите за тековниот ден, бидејќи по надоградбата сите работни налози ќе бидат избришани.
Откако ќе ги испратите налозите, надоградбата може да започне.

---




**Слика1.**

Откако ќе ја штиклирате коцката пред текстот "<u>Ги прифаќам условите на надоградбата</u>", притиснете на копчето <u>Следно</u>.

FX Update ќе изврши автоматска проверка дали постојат потребните услови за надоградба, ги снима потребните фајлови и врши надоградба на вашата база. Кога сите потребни чекори ќе бидат завршени и штиклирани ( Слика 2), притиснете на копчето <u>Следно</u> и со тоа надоградбата е завршена. На екранот ќе ја видите формата како на Слика 3. За излез од FX Update притиснете <u>КРАЈ</u>.




**Слика 2.**

---

***Забелешка***! Доколку програмот надоградба, појави порака:
*'Недостасува неопходна компонента - Microsoft Xml Parser!*
*'Истата можете да ја најдете на страната за надоградба.'*
Во тој случај надградбата нема да се изврши. Соодветната Microsoft компонента можете да ја најдете на страната за надоградба:
http://24x7.com.mk/Downloads/msxml/msxml.msi

---




**Слика 3.**

**Кои се разликите помеѓу претходната верзија на апликацијата FX Client 2.0.0.5 и новата FX Client 2.0.0.6 ?**

Една од поголемите направени промени се забележува уште со отворањето на страната Домашна Страна. Страната *Синхронизација* која ви овозможуваше синхронизирање на вашите информации со информациите во банката повеќе не постои и е заменета со страната *Сандаче*. Синхронизирањето на информациите сега се врши автоматски. Сите информации искреирани од ваша страна автоматски се пренесуваат на страната *Сандаче,* од каде потоа ги испраќате во банката. За да ги видите приливите кон вашата сметка, повеќе не одбирате *Денешни налози* од страната *Синхронизација* која сега и не постои како таква.

**Тогаш како да ги видите приливите и одливите кон и од вашата сметка?**

Едноставно, синхронизирањето на информациите меѓу вас и банката се извршува автоматски, не постои потреба од повлекување на синхронизација, така што вие во секој момент ја гледате моменталната состојба на вашата сметка.

Другата направена промена се однесува на страната *Креирање налози.*

**Како да искреирате и испратите налог?**

Откако ќе пополните потребната форма на налог, притиснете на копчето *Авторизирај*, и налогот автоматски се испраќа во *Сандаче.* Во *Сандаче* ги бирате налозите кои сакате да ги испратите, потоа авторизираното лице (администраторот) ги потпишува со притиснување на копчето *Потпиши*. Со притискање на копчето *Испрати/Прими,* налозите ќе бидат испратени во банката.

---

**Важно**. Опширното упатство за работа со апликацијата можете да го најдете на истата web адреса од страната за Корисничка поддршка http://localhost/24x7_portal/Downloads/fx2006/RcFx.chm

---